# ГЛИГОР КРСТЕСКИ: „МОЕТО ПОЛИЦИСКО ДОСИЕ" М-ГРАФИКА, СКОПЈЕ 2002, 272

Неодамна од печат излезе книгата на Глигор Крстески, „Моето полициско досие", ново издание кое ни предочува еден сегмент од не така далечното минато, видено и доживеано од човек директен учесник во историските премрежија одиграни непосредно по завршувањето на втората светска војна на нашиве простори.

Од март 1946 година до јуни 1947 година во Прилеп е формирана и дејствува револуционерната организација ВМРО-СДРМА (ВМРО-Самостојна Демократска Република Македонија под протекторат на Америка). Крајна цел (идеолошка и политичка) на оваа организација била конституирање на независна македонска држава во нејзините географски, историски и етнички граници, која би била со демократско општествено уредување, а со меѓународна заштита на Соединетите Американски Држави. Главен организатор и водач на оваа организација бил Глигор Крстески (авторот на претставуванава книга) со повеќе свои соработници од Прилеп. По откривањето на оваа организација и по апсењето на дел од членовите во 1948/49 во јадрото на организацијата дошло до промена во смисла на редефинирање на некои методи за постигнување на крајната цел. Во 1949 год. организацијата го менува своето име во ВМРО - ПРАВДА, а главна цел била обединета Македонија со демократско општествено уредување.

Наведениов труд на вкупно 272 страници содржи вовед и четири тематски целини, а претставени се повеќе фотографии со членови и симпатизери на споменативе организации, како и автентични документи од судските процеси во кои авторот на книгава бил обвинет или споменат во пресудата како „врбуван".

Во воведот, напишан од д-р Виолета Ачкоска, претставен е историјатот на повеќе групи и организации, кои почнувајќи од 1945 година пројавуваат различни ставови од тогашната ју-опција. Меѓу овие организации се наоѓаат и ВМРО-СДРМА и ВМРО-ПРАВДА кои биле поставени врз традициите од пред и Илинденскиот период и врз поизразената национална струја во текот на НОВ. За релативно краток период биле формирани комитети низ повеќе градови во Македонија, па затоа дошло до силни притисоци и масовни апсења. Во овие масовни апсења најмногу страдала македонската младина особено средношколската. Според некои индикации се смета дека во тие години биле уапсени над 7.000 средношколци, се подвлекува во воведот.

Во првиот дел насловен „Моето полициско досие" авторот Крстески го дава на увид целото негово досие (поточно она што останало од него) водено од полицијата во периодот 1947 до 1981 година од кога датира последната службена белешка на ова

досие. Овде авторот го претставува и записникот воден од истражните органи во Прилеп од сослушувањето во1947 година (при неговото прво апсење). Записник, како што вели авторот е полн со подметнувања со кој се сакало да се даде друга димензија на борбата на ВМРО-СДРМА, односно да им се припише михајловизам (всушност и досието се водело под ВМ). Конечно по завршувањето на судскиот процес овој петнаесетгодишен младинец е испратен во Глина на превоспитување каде се соочува со реалноста што значи да се биде политички противник во еднопартиска држава.

Во вториот дел од книгата авторот ни ги предочува правосудните акти од судските процеси во 1947 и 1950 година. Процесот од 1947 год. се водел на 8 септември, а пред судот биле изведени четворица младинци и еден возрасен симпатизер на ВМРО-СДРМА. На судењето од 16 август 1950 год. водено во Скопје биле осудени деветмина припадници на ВМРО-ПРАВДА. Авторот овде им препушта на читателите самите да ја проценат и оценат веродостојноста и автентичноста на наводите во правосудните акти од 1947 и 1950 година. Овие акти се дадени како печатен текст и низ факсимили.

Во третиот дел се дадени повеќе полемички записи и интервјуа во македонскиот печат околу појавата на движењето на отпорот на младите во Македонија. Така во првиот запис од овој дел (кој бил првпат објавен во „Дело“ 1994 година) авторот отворено полемизира со некои членови на Сојузот на борците на Македонија во врска со тогаш актуелниот закон за рехабилитација на затвораните и прогонувани за идеите на ВМРО. Изнесувајки ги своите видувања и аргументи за овој случај, Крстески заклучува „... не барав и не прифаќам рехабилитација. Од кого, поради што и заради што да бидам рехабилитиран“. Во други два натписа авторот се осврнува врз некои погледи и пишувања за дејноста на ВМРО - СДРМА и ВМРО - ПРАВДА. Овде се поместени и две интервјуа за весникот „Дело“. Сите овие записи и натписи се од последната деценија на минатиот век.

Во последниот дел од книгата Глигор Крстески ни претставува неколку свои книжевно- критички искази објавени кон крајот на педесетите и шеесетите години на минатиот век. Крстески своите погледи ги насочува кон тогашните дела на македонските книжевници Димитар Митрев и Милан Ѓурчинов како и за театарската рецензија во тој период во Македонија. Освен со тогашните актуелни случувања во македонската литература Крстески се навраќа и кон поезијата на Блаже Конески во два свои текста, како и на Кочо Рацин во текстот насловен „Кочо Рацин во координатите на своето време и простор“ прочитан на Рациновите средби 1974 год. како и текстот по повод годишнината од излегувањето на првиот македонски правопис.

На крајот можеме да констатираме дека самиот автор кој во книгава ни преставува дел од својот живот како и повеќе други личности, овде споменати или не, биле актери на едно бурно и полно со неизвесност време кое оставило неизбришливи и болни траги во нивните животи.

Книгата „Моето полициско досие“ од Глигор Крстески обработува

едно мошне сложено и значајно прашање од современата историја на македонскиот народ. Авторот својата мисла ја пренесува со јасен стил и јазик, поткрепена со бројни факти и интересни историски моменти со што настаните кои ни ги предочува непосредно ги приближува до читателот. Поради сето ова трудот претставува привлечна материја за читање и проучување не само за специјалистите за оваа проблематика од нашата современа историја туку и за поширок читателски круг.

Борче Илиевски

## Коста Аџиевски-Виолета Ачкоска, ИСТОРИЈА за прва година реформирано гимназиско образование, Табернакул, Скопје 2002, 194.

Неодамна, во издание на реномираната издавачка куќа Табернакул од Скопје, излезе од печат учебник по ИСТОРИЈА за втора година реформирано гимназиско образование, од авторите д-р Коста Аџиевски, редовен професор на Институтот за историја на Филозофскиот факултет во Скопје, по предметите Историја на средниот век и Историја на балканските народи среден век (предавал и Историја на стариот век) и д-р Виолета Ачкоска доцент по предметот Методика на наставата по историја на Институтот за историја на Филозофскиот Факултет во Скопје.

Учебникот е подготвен согласно новата наставна програма по историја за прва година реформирано гимназиско образование. Тој ги содржи сите неопходни и релевантни делови за еден учебник од тој степен на образованието; текстуални содржини, дополнителни текстови, илустративен материјал и дидактичко-методски насочувања. Што се однесува до проблемско-тематската распределба на материјалот во учебникот, таа е извршена со строго почитување на распределението на содржините во постоечката наставна програма, каде што во 37 наставни единици се третира општата, балканската и македонската историја од праисторијата до крајот на XI век.

Компетентноста и стручноста на авторите претставува сигурна гаранција за веродостојноста и точноста на презентираните податоци, факти и хронологија во содржините на учебникот. Имено, содржините се подготвени врз основа на најновите научни достигања на современата историографија и со тоа, всушност, е исполнет основниот и најважен услов при подготвувањето учебник по историја. Во учебникот се презентира политичката и културната историја на народите и цивилизациите во античкиот период и во раниот среден век. Притоа, посебно внимание се посветува на македонската историја, особено на историјата на античка Македонија, која во минатото беше запоставена, како и на појавата, ширењето и улогата на христијанството во светската и особено во македонската историја. Со должен респект во учебникот се обработуваат културните придобивки на старите цивилизации, со акцент на македонската култура, односно, на културните збиднувања на македон-